Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава-Приговор поднесен од подносителот ----------- на Политичката партија ----------, учесник на предвремените избори за пратеници во Собранието на Р.Северна Македонија до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 41-та седница одржана на 12.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата/Приговорот поднесен од подносителот ------------, претседател на Политичката партија Твоја партија, учесник на предвремените избори за пратеници во Собранието на Р.Северна Македонија , врз основа на која е заведен предметот под број 12-3679/1 од 22.10.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека е беспредметно постапувањето во предметот со број 12-3679/1 од 22.10.2020 година, од причина што како што и самиот подносител на Приговорот наведува, конкретно за партијата на кој тој е овластен претставник, Државната комисија за спречување на корупцијата во Посебниот извештај нема наведено дека се констатирани неправилности.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3679/1 од 22.10.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава/ приговор поднесен од ------------Претседател, овластен претставник на Твоја партија учесник на учесник на предвремените избори за пратеници во Собранието на Р.Северна Македонија.

Поднесениот приговор е поднесен на Посебниот извештај за утврдените злоупотреби во финасирањето на изборната кампања што ДКСК го изготви и го достави до Собранието на Р.Северна Македонија согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено во Приговорот се оспорува делот од Извештајот кој се однесува на политичката партија -------------, учесник на предвремените избори за пратеници во Собранието на Р.Северна Македонија, и тоа што во финалниот извештај е утврдено дека сите средства на посебната сметка на изборната кампања

доаѓаат од членарини уплатени од членовите на партијата, а само 7,000 денари се донација. Измените на Изборниот законик овозможија ченарините и донациите кои политичките партии ги добиваат на партиските сметки за редовно работење, може да бидат користени за финансирање на изборната кампања. Во Посебниот извештај што го изготви ДКСК во табеларниот приказ е наведено 7,000 денари како донација, а останатите 40,200 денари како трансфер од редовната на изборната сметка. Во Приговорот е побарано да се наведе каде е злоупотребата бидејќи таква воопшто не се гледа во Посебниот извештај на ДКСК.

Со допис број 12-3679/2 од 02.11.2020 година, ДКСК достави Известување до политичката партија --------------------- со кое го извести дека презентираните информации и податоци во наведениот Извештај се однесуваат за начинот и изворите на финансирање на изборната кмапња за сите учесници во кампањата, без при тоа да биде потенцирано за кои учесници постои сомневање за непочитување на одредбата од член 83 став 2 алинеа 1 од Изборниот законик. ДКСК нема основ да постапува по доставениот Приговор бидејќи истиот е беспредметен, како што и самиот подносител на Приговорот наведува, конкретно за партијата на кој тој е овластен претставник, Државната комисија за спречување на корупцијата нема наведено дека се констатирани неправилности.

По разгледување на наводите во приговорот, ДКСК констатира дека беспредметно е постапувањето на ДКСК во предметот со број 12-61/1 од 08.01.2020 година, од причина што како што и самиот подносител на Приговорот наведува, конкретно за партијата на која тој е овластен претставник, Државната комисија за спречување на корупцијата нема наведено во Посебниот извештај дека се констатирани неправилности, па од тие причини заклучи предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**